Врз основа на член 38 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина" бр. 25/06), Советот на Општината Гевгелија на седницата одржана на 13.04.2007 година, донесе

# ДЕЛОВНИК
# НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој деловник поблиску се уредуваат определени прашања сврзани со организацијата и начинот на работа на Советот на Општината Гевгелија (во натамошниот текст: Советот), конституирањето, односно верификацијата на мандатот на членовите на Советот, правата и должностите на членовите на Советот, правата и должностите на претседателот на Советот, работата на Советот, неговите комисии, и посебните тела на Општината, програмирањето на работата на Советот, јавноста во работата на Советот и неговите комисии, актите на Советот, донесувањето прописи од надлежност на Советот, претресувањето извештаи, анализи и други материјали, давањето согласност на статути и годишни сметки, односите на Советот со градоначалникот, односите на советот со јавните служби, установи и претпријатија, односите на советот со советите на други општини, вршењето на стручни работи за потребите на Советот, измените на деловникот, како и други прашања од значење за работата на Советот.

### Член 2

Во работата на Советот службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

На седница на Советот можат да одржат говори странски државници и граѓани на странски држави како гости.

Говорот одржан на јазикот на странските државници и на граѓани на странски држави се преведува на македонски јазик.

### Член 3

Одредбите на овој деловник соодветно се применуваат и во работата на Советот во случај на воена или вонредна состојба ако со овој Деловник или со друг општ акт не е поинаку одредено.

### Член 4

Работата на Советот, постојаните и повремените комисии е јавна, освен во случаите определени со закон, Статутот на Општина Гевгелија (во натамошниот текст: Статутот) и со овој деловник.

## II.КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ, ОДНОСНО ВЕРИФИКАЦИЈАТА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

**Член 5**

Конституирањето на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот.

Советот е конституиран доколку на коститутивната седница присуствуваат и им се верификуваат мандатите на мнозинството од вкупниот број членови на Советот, по предлог на Комисијата за прашања на верификација на мандати.

**Член 6**

Комисијата за прашања на верификација на мандати ја избира Советот на првата седница, од редот на членовите на кои врз основа на постигнатите изборни резултати, Општинската изборна комисија им издала решенија за извршениот избор на последните локални избори.

Претседателот и членовите на комисијата ги предлага членот на Советот кој претседава со првата седница или најмалку 5 члена на Советот.

**Член 7**

Комисијата за прашања на верификација на мандати, може да оспори решенија издадени од Општинската изборна комисија, за избор на одделни членови на Советот и да предложи верификацијата на мандатот да се одложи заради утврдување дали тие се издадени согласно постигнатите изборни резултати на учесниците.

Комисијата за прашања на верификација на мандати може да предложи одлагање на верификацијата на мандатот на одделен член на Советот, и заради тоа што:

- со сигурност не може да се утврди неговиот идентитет (исто име и презиме со други личности);
- постојат индиции за можна неспојливост на функцијата (вработен е во општинската администрација или презел функција или должност која со закон е утврдена како неспојлива со фунцијата член на совет);
- настапила фактичка неможност за верификација на мандатот под услови утврдени со закон (во случај на смрт, престанок на жителството во општината, правосилна пресуда за кривично дело или донесено решение за одземање на деловната способност).

**Член 8**

Комисијата за прашања на верификација на мандати му поднесува извештај на Советот со предлог на кои членови на Советот треба да им се верификуваат мандатите, а на кои треба да се одложи верификацијата на мандатите.

Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот одлучува одделно по предлогот на Комисијата за прашања на верификација на мандати, за верификација на мандатите на присутните членови на Советот.

Советот со мнозинство гласови на вкупниот број членови на Советот, одлучува за секој предлог на Комисијата за прашања на верификација на мандати, за одлагањето на верификацијата на мандатот на членови на Советот.